**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 09.02.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 567/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:** 10 издавачи на печатени медиуми, и тоа:

2.1. Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија“;

2.2. Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат“;

2.3. Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на „Вечер“;

2.4. Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на „Коха“;

2.5. Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на „Фокус“;

2.6. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Бахче“;

2.7. Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на „Лајм“;

2.8. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Економија и бизнис“;

2.9. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит“; и

2.10. Друштво за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје, издавач на „Народен лекар“.

Со надзорот се опфатени следните десет печатени медиуми:

- изданијата од 9 февруари 2026 година на „Нова Македонија“ бр. 26627, „Слободен печат“ бр. 3659, „Вечер“ бр. 19017, „Коха“ бр. 5640 и „Лајм“ бр. 5031;
- изданието од 5 февруари 2026 година на „Фокус“ бр. 1583;
- изданието за октомври-ноември-декември 2025 година на „Бахче“ бр. 43;
- изданието од 1 февруари 2026 година на „Економија и бизнис“ бр.346;
- изданието од 30 јануари 2026 година на „Зенит“ бр. 877; и
- изданието за февруари 2026 година на „Народен лекар“ бр. 622.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 9 февруари 2026 година

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум, телевизиска емисија и во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

**5. Констатации од надзорот:** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми <u>е во целост исполнета кај сите печатени медиуми</u> опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***